MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

***Број 12-2581/2 18 април 2024 година***

Врз основа на чл.20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РС Македонија бр. 13/06, 86/2008, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16, 64/18 и 101/19)) Општина Штип донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за целосно прифаќање на

Барањето со број 12-2581/1 поднесено од [redacted], за пристап до информации од јавен карактер.

1. Дали имате назначено лице за интегритет? Ве молиме посочете го.
2. Дали имате усвоен Интерен акт за управување со судир на интереси ( под интерен акт се подразбира процедура, политика, правилник или друг релевантен документ )Доколку имате Ве молиме доставете ни го.
3. Дали имате усвоен Интерен акт за регулирање на постапувањето со подароци, погодности и гостопримства вклучително и изготвена евиденција на примените подароци? Доколку имате Ве молиме доставете ни го.
4. Дали имате усвоен Интерен акт за користење на службени возила и за реализација на службени патувања? Доколку имате Ве молиме доставете ни го.
5. Дали имате усвоен Интерен акт за планирање, спроведување и реализација на јавните набавки? Доколку имате Ве молиме доставете ни го.
6. Дали имате усвоен посебен Етички кодекс за административни службеници? Доколку имате Ве молиме доставете ни го.
7. Дали имате назначено овластено лице за заштитено внатрешно пријавување? Ве молиме посочете го.
8. Дали имате изготвено Листа на дискрециски овластувања кои ги имаат вашите органи и одлучување како Интерна процедура за постапување и донесување на одлуки во областите каде постојат дискрециски овластувања? Доколку имате Ве молиме доставете ни ги.
9. Дали правите проценка на ризиците од корупцијата? Доколку имате, кога последен пат сте ја направиле.
10. Дали имате усвоен интерен акт со кој се регулира процесот на доделување на финансиска поддршка од буџетската ставка 463? Доколку имате Ве молиме доставте ни го.
11. Дали имате интерен акт со кој се уредува постапката за доделување на користење/издавање на

објектите за спорт? Доколку имате Ве молиме доставете ни го.

12. Доколку имате какви било други документи кои не Ви се побарани, а се во насока на борбата против корупција, Ве молиме посочете ги.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted] поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под број 12-2581/1 со кое се бара да и се достават следниве информации:

1. Дали имате назначено лице за интегритет? Ве молиме посочете го.
2. Дали имате усвоен Интерен акт за управување со судир на интереси ( под интерен акт се подразбира процедура, политика, правилник или друг релевантен документ)Доколку имате Ве молиме доставете ни го.
3. Дали имате усвоен Интерен акт за регулирање на постапувањето со подароци, погодности и гостопримства вклучително и изготвена евиденција на примените подароци? Доколку имате Ве молиме доставете ни го.
4. Дали имате усвоен Интерен акт за користење на службени возила и за реализација на слуѓбени патувања? Доколку имате Ве молиме доставете ни го.
5. Дали имате усвоен Интерен акт за планирање, спроведување и реализација на јавните набавки? Доколку имате Ве молиме доставете ни го.
6. Дали имате усвоен посебен Етички кодекс за административни службеници? Доколку имате Ве молиме доставете ни го.
7. Дали имате назначено овластено лице за заштитено внатрешно пријавување? Ве молиме посочете го.
8. Дали имате изготвено Листа на дискрециски овластувања кои ги имаат вашите органи и одлучување како Интерна процедура за постапување и донесување на одлуки во областите каде постојат дискрециски овластувања? Доколку имате Ве молиме доставете ни ги.
9. Дали правите проценка на ризиците од корупцијата? Доколку имате, кога последен пат сте ја направиле.
10. Дали имате усвоен интерен акт со кој се регулира процесот на доделување на финансиска поддршка од буџетската ставка 463? Доколку имате Ве молиме доставте ни го.
11. Дали имате интерен акт со кој се уредува постапката за доделување на користење/издавање на

објектите за спорт? Доколку имате Ве молиме доставете ни го.

12. Доколку имате какви било други документи кои не Ви се побарани, а се во насока на борбата против

корупција, Ве молиме посочете ги.

Општина Штип како имател на бараната информација Ви ги достави информациите од надлежните одделенија.

1. Општина Штип има назначено лице за интегритет. Тоа е Марија Герасимова
2. Правилник за судир на интереси, објавен на официјалната веб страна на Општина Штип ttps://stip.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/Pravilnik-sudir-na-interesi.pdf
3. Интерен акт за регулирање на постапувањето со подароци, погодности и гостопримства е објавен на официјалната веб страна на општина Штип на следниот линк: https://stip.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/Pravilnik-podaroci-pogodnosi-gostoprimstvo.pdf
4. Правилник за користење службени возила : https://stip.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/Pravilnik-sluzbeni-vozila.pdf
5. Општина Штоп нема интерен акт за јавни набавки.
6. Министерството за информатичко општетство има донесено Кодекс за однесување на административни службеници во декември 2014 година.
7. Катерина Мицевска, контакт: телефон 078 472 720
8. Општина Штип нема изготвена Листа на дискрециски овластувања
9. Годишен план за проценка на ризиците за 2023 година. https://stip.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/Godisen-plan-korupcija-2023.pdf
10. Немаме усвоено интерен акт.
11. Ви доставувам Правилник за користење на спортските терени и објекти.
12. Општина Штип на својата официјална веб страна има посебен банер интегритет и корупција во кој се наоѓаат сите документи за оваа проблематика, како и во делот информации од јавен карактер.

Поздрав,

Лице за доставување информации

согласно ЗСПИЈК

Сунчица Ѓуфтеска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите и начинот на давање на користење на спортските терени и објекти сопственост на Општина Штип, на спортски клубови и заинтересирани граѓани за спроведување на активности кои не се поврзани со настава и вонннаставна програма на средните и основните училишта во Општина Штип како и надоместокот за користење на спортските терени и објекти.

## УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ

Член 2

Спортските терени и објекти можат да се даваат на користење на физички и правни лица за остварување на сопствени активности (тренинзи, спортски натпревари, собири, итн.) во понатамошниот текст (корисници).

Спортските терени и објекти ќе се даваат на користење доколку се исполнети условите предвидени со овој Правилник.

Член 3

Спортските терени и објекти, предмет на овој Правилник можат да се користат под следниве услови:

- Да не се попречува остварувањето на наставниот план и програма;
- Да не се попречува изведувањето на редовната настава и сите вонннаставни активности во основните и средните училишта во општината;
- да не се попречува тренажниот процес на фудбалските клубови сопственост на Општината Штип и
- да се наплаќа надомест за користење на спортските терени и објекти, по претходно склучен договор со корисниците.

## НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ

Член 4

За користење на спортските терени и објекти, Општина Штип склучува договор со секој корисник.

Во договорот од став 1 на овој член поблиску се уредуваат:

- цената за користење на спортските терени и објекти;
- времетраење на користењето на спортските терени и објекти;
- начинот на користење на ресурсите со кои располагаат спортските терени и објекти како: вградени реквизити, соблекувални, тушеви и слично.

Член 5

Корисниците се должни надоместокот за користењето на спортските сали да го уплатат на жиро сметка на училиштата, а надоместокот за користењето на спортските терени на буџетот на Општината Штип.

Доказот за уплатата задолжително се доставува до Одделението за јавни служби на Општина Штип.

Надоместокот за користењето на спортските сали, корисниците се должни да го уплатат најдоцна до 5[ти] во тековниот месец.

Член 6

Спортските сали во Општина Штип ќе се даваат на користење по следниот ценовник:

1. Спортска сала при ООУ „Ванчо Прке"
   - 400 денари за спортски клубови од час
   - 800 денари за рекреативци од час

2. Спортска сала при ООУ „Гоце Делчев"
   - 300 денари за спортски клубови од час
   - 500 денари за рекреативци од час

3. Помошна спортска сала при ООУ „Гоце Делчев"
   - 150,00 денари за спортски клубови од час.

4. Спортска сала при ООУ „Димитар Влахов"
   - 300 денари за спортски клубови од час
   - 500 денари за рекреативци од час

5. Помошна спортска сала при ООУ „Димитар Влахов"
   - 150,00 денари за спортски клубови од час.

6. Спортска сала при ООУ „Тошо Арсов"
   - 600 денари за спортски клубови од час
   - 900 денари за рекреативци од час

7. Спортска сала при ООУ „Славејко Арсов"
   - 400,00 денари за спортски клубови од час

8. Спортска сала при СОУ „ Јане Сандански"
   - 300 денари за спортски клубови од час
   - 500 денари за рекреативци од час

9. Спортска сала при СОУ „Коле Нехтенин"
   - 400 денари за спортски клубови од час
   - 700 денари за рекреативци од час

10. Спортска сала при СОУ „Димитар Мирасчиев"
   - 300,00 денари за спортски клубови од час.
   - 500,00 денари за рекреативци од час.

Член 7

Спортските терени во Општина Штип ќе се даваат на користење по следниот ценовник:

1. фудбалско игралиште во Бело брдо - 1.500 денари/час
2. фудбалско игралиште во Суитлак - 1.500 денари/час
3. повеќенаменско спортско игралиште во УЗ Автокоманда – 600 ден/час
4. повеќенаменско спортско игралиште во УЗ Сењак (спроти Елкос) – 600 ден/час

ПОСТАПКА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ

Член 8

За спроведување на постапката за давање на користење на спортските терени и објекти надлежно е Одделението за јавни служби на Општина Штип.

За склучените договори за користење на спортските терени и објекти, Одделението за јавни служби води евиденција во форма на регистар.

Одделението за јавни служби до Советот на Општина Штип ќе поднесува годишен извештај од извршените контроли за користење на спортските терени и објекти.

Општина Штип ги задолжува училиштата да поднесуваат полугодишни извештаи за наменската употреба на вкупните приходи собрани од користењето на спортските сали до Советот на Општина Штип.

ДОДЕЛУВАЊЕ ДОГОВОР ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ

Член 9

За користење на спортските терени и објекти заинтересираните субјекти, поднесуваат барање до Одделението за јавни служби на Општина Штип.

Доколку барањето е одобрено, за користење на спортските терени и објекти корисникот и општината склучуваат договор.

Договорот за користење на спортските сали задолжително содржи:

- податоци за просторот што се издава на користење;
- податоци за спортската активност на корисникот на спортските терени и објекти;
- термини за користење на спортските терени и објекти;
- износот на надоместокот за користење на спортските терени и објекти;
- рокот на плаќање на надоместокот за користење на спортските терени и објекти;
- време за кое се склучува договорот;
- одредби за подмирување на трошоците настанати од оштетувања на просторот што се дава на користење.

Член 10

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на условите и начинот на користење на спортските сали („Службен гласнк на Општина Штип" број 04/12, 12/13, 01/18, 02/18 и 03/18).

Врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) и член 3 од Одлуката за начиниот на управувањето и користењето на спортските терени и објекти во Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 05/18), Советот на Општина Штип на седницата одржана на _ мај 2023 година, донесе,

ПРАВИЛНИК
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА
УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ
НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Правилникот за утврдување на условите и начинот на користење на спортските терени и објекти (Службен гласник на Општина Штип број 05/18 и 4/22) во член 6 се додава нова точка „12" која гласи:

- Спортска помошна просторија при Гимназија СОУ „Славчо Стојменски" – Штип.
- 500,00 денари за спортски клубови од час.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип ".

Број 08- /1
__ мај 2022 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) и член 3 од Одлуката за начиниот на управувањето и користењето на спортските терени и објекти во Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 05/18), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 март 2022 година, донесе

ПРАВИЛНИК
ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА
УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ
НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Правилникот за утврдување на условите и начинот на користење на спортските терени и објекти (Службен гласник на Општина Штип број 05/18) во членот 4 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„По исклучок на став (1) од овој член корисниците кои се спортски клубови од Општина Штип и се натпреваруваат во највисок степен на натпреварувачки лиги организирано од соодветната федерација, ќе склучуваат Договор со Општина Штип со посебни услови за корисниците".

Член 2

Членот 6 се менува и гласи:

„Спортските сали во Општина Штип ќе се даваат на користење по следниот ценовник:

1. Спортска сала при ООУ „Ванчо Прке".
   - 500 денари за спортски клубови од час
   - 1000 денари за рекреативци од час

2. Спортска сала при ООУ „Гоце Делчев".
   - 400 денари за спортски клубови од час
   - 800 денари за рекреативци од час

3. Помошна спортска сала при ООУ „Гоце Делчев".
   - 200,00 денари за спортски клубови од час.

4. Спортска сала при ООУ „Димитар Влахов".
   - 400 денари за спортски клубови од час
   - 800 денари за рекреативци од час

5. Помошна спортска сала при ООУ „Димитар Влахов".
   - 200,00 денари за спортски клубови од час

6. Спортска сала при ООУ „Тошо Арсов".
    – 600 денари за спортски клубови од час
    – 1200 денари за рекреативци од час

7. Спортска сала при ООУ „Славејко Арсов".
    – 500,00 денари за спортски клубови од час
    – 1000,00 денари за рекреативци од час

8. Спортска сала при СОУ „ Јане Сандански"
    – 400 денари за спортски клубови од час
    – 800 денари за рекреативци од час

9. Спортска сала при СОУ „Коле Нехтенин".
    – 600 денари за спортски клубови од час
    – 1200 денари за рекреативци од час

10. Спортска сала при СОУ „Димитар Мирасчиев".
    – 400,00 денари за спортски клубови од час.
    – 800,00 денари за рекреативци од час.

11. Спортска сала при СОУ „Славчо Стојменски".
    – 500,00 денари за спортски клубови од час.
    – 1000,00 денари за рекреативци од час.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-1765/1
14 март 2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.